Образец бр. 2

# Иницијална проценка на влијание на регулативата

## Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

### 1. Опис на проблемите

При анализата на главните предизвици во примена на Законот за јавните набавки, Бирото за јавни набавки во својот годишен извештај ги нотираше следниве слабости кои ќе бидат надминати со предложените измени и дополнувања на законот:

- Ограничување на кокуренцијата и правото на учество на економките оператори преку отежнување на пристапот до тендерската документација;
- Отежнување на докажувањето на способноста на економските оператори во постапките што се спроведуваат со користење електронски средства преку обврската за прикачување на иста документација за докажување способност во секоја одделна постапка;
- Зголемен број на поништени постапки и користење на постапката со преговарање без објавување оглас поради неможност за завршување на редовните постапки во случаи на недоволна конкуренција;
- Слабости во примената на законските одредби кои се однесуваат на негативните референци;
- Слабости во примена на законот при набавка на нотарски услуги и услуги од извршители поради неконзистентност со материјалните прописи.

### 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Со предложените измени и дополнувања на Законот за јавните набавки се уредува профилот на економски оператор на ЕСЈН преку кој значително се олеснува докажувањето на личната состојба на регистрираните економски оператори во постапките што се спроведуваат со користење електронски средства.

Се предлага и воведување нов исклучок од примена на законот за нотарски услуги и услуги за извршители со цел да се овозможи примената на материјалните прописи, а имајќи ги предвид специфичните околности при користењето вакви услуги. Исто така, се овозможува исклучување од примената на законот кога договорот се доделува на поврзано друштво.

Со предложените измени и дополнувања ќе се зголеми обемот на надлежности на Бирото за јавни набавки во делот на контрола при задолжителното прикачување на тендерската документација на ЕСЈН, администрирање на листата на негативни референци и организирање на едукацијата за јавни набавки која е задолжителна за службениците за јавни набавки.

Една од главните новини кои се предлагаат е задолжително прикачување на тендерската документација на ЕСЈН со што истата ќе стане достапна во електронска форма во истиот момент кога се објавува огласот за јавна набавка. Со тоа се напушта досегашната востановена пракса тендерската документација да се подига од кај самиот договорен орган и да се наплаќа за истата, што значително ја ограничуваше конкуренцијата и интересот на економските оператори за учество во постапките за доделување договори за јавни набавки.

Се доуредува прашањето за учество на група понудувачи во постапките, а особено доколку одреден член на групата сака да се повлече во текот на постапката или пред потпишување на договорот за јавна набавка.

Исто така, се предлагаат неколку одредби со кои се доуредува издавањето негативни референци и како економските оператори да ги заштитат своите права. Имено, досегашната практика покажа дека овој дел е потребно да се допрецизира со цел да се избегнат недоразбирања и грешки од двете страни во примената на законот.

Уште едно иноватнивно решение кое се предлага со овие измени и дополнувања на законот е воведување еден чекор кај електронските аукции каде е добиена само една понуда или е останата само една прифатлива понуда. Со ова на единствениот понудувач му се дава можност да ја намали првично понудената цена само еднаш со што ќе се добие неговата конечна цена. Ова од причина што не е можно да се спроведе стандардна електронска аукција во услови кога во постапката има само една понуда или една прифатлива понуда. Како резултат на тоа се брише основот за примена на постапката со преговарање без објавување на оглас од член 99 став 1 точка 1 алинеја 4 од законот.

**3. Идентификација на можни решенија (опции)**

Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):**

Предложеното законско решение содржи предлози за унапредување на системот на јавните набавки посебно во делот на учеството на економските оператори во постапките за доделување на договори за јавни набавки со тоа што во иднина, со воведување на нова функционалност во ЕСЈН, ќе се олесни работењето и пристапот на економските оператори во постапките за доделување на договори за јавни набавки. Дополнителната фаза во е-аукцијата ќе овозможи намалување на процентот на поништување на постапките за доделување на договори за јавни набавки и проценотот на постапките со преговарање без претходно објавување на оглас.

**Опис:**

Со овој Предлог на Закон се врши изменување и дополнување на членовите 3, 14, 15, 37, 41, 47, 48, 99, 140 и 144 од Законот за јавните набавки во насока на дефинирање на улогата "профил

на економски оператор" , олеснување на функционирањето на договорни органи формирани согласно со член 4 став 1 точка б) кој се формирани за задоволување на специфични потреби од јавен интерес што не се од индустриски или комерцијален карактер, дефинирање на правата и обврските на членовите на група на понудувачи/групна понуда како и намалување на процентот на поништување на постапките за доделување на договори за јавни набавки и проценотот на постапките со преговарање без претходно објавување на оглас.

## 1. Трошоци

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. **НЕ**

## 2. Придобивки

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни:
Исклучокот за договорни органи од класичниот сектор во голема мера ќе го олесни нивното функционирање.
Предложеното законско решение ќе го олесни учеството на економските оператори во постапките за доделување на договори за јавни набавки, со тоа што ќе се намалат бирократските пречки за докажување на нивната способност во постапките за доделување на договори за јавни набавки.
Финансиска придобивка за деловните субјекти е фактот што се забранува наплата на надоместок за добивање на тендерската документација, што ќе има и индиректна финансиска придобивка за целиот систем за јавни набавки со зголемување на конкуренцијата и учеството на економките оператори.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни:
Секој член на група на економски оператори/групна понуда ќе биде свесен за своите права и обврски кои произлегуваат од овој начин на поднесување на понуда во постапките за доделување на договори за јавна набавка. Се зајакнува надлежноста на Бирото за јавни

набавки во делот на укажување за сторен пропуст во ситуации во кои договорните органи не ги објавуваат тендерските документации на Електорнскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН).
Се очекува зголемување на севкупната транспарентност на системот преку намалување на случаите на поништување на постапките и користење на постапката со преговарање без претходно објавување на оглас.

1. **Ризици и претпоставки**
/

2. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | ДА | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

При изготвување на предложените законски решенија беа користени податоци од Годишниот извештај за работата на Бирото за јавни набавки за 2012 година. Исто така беа користени искуства на регулативи од други држави.

## Резиме на иницијалната<br>проценка на влијание на регулативата

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со предложените изменувања и дополнувања на Законот за јавните набавки ќе се овозможи дефинирање на улогата "профил на економски оператор", олеснување на функционирањето

на договорни органи во нивните односи со поврзаните друштва, дефинирање на правата и обврските на членовите на група на понудувачи/групна понуда како и намалување на процентот на поништување на постапките за доделување на договори за јавни набавки и проценотот на постапките со преговарање без претходно објавување на оглас.

**1. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

- м-р Александар Аргировски, Државен советник за усогласување на регулативата со ЕУ во Биро за јавни набавки, д-р Маре Богева-Мицовска, директор во Биро за јавни набавки

**2. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

- д-р Маре Богева-Мицовска, директор во Биро за јавни набавки,

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5.) | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6.) | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, **м-р Зоран Ставрески**, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................... Датум: 2013 година